UDC: 347.736/.739:340.13(497.7)
DOI: 10.46763/SCGW21064d

# POINTING OUT THE NEED FOR TIMELY SUBMISSION OF THE PROPOSAL FOR OPENING THE BANKRUPTCY PROCEDURE

**Verica Danilova**
Master studies -University "Goce Delcev"-Stip
E-mail: verica.071197@student.ugd.edu.mk

**Abstract**

In this paper, special attention will be paid to the importance of timely initiation of bankruptcy proceedings, ie the need for an efficient bankruptcy system which is a necessary part of the market economy of each country, as it provides security to creditors, recovery of companies with financial difficulties. The paper will explain the reasons that affect the delay and inefficiency of the bankruptcy procedure. On the other hand, the paper will explain the benefits of timely and efficient implementation of the bankruptcy procedure, whose main purpose is to satisfy the interests of all those who participate in it. Therefore, I will cover the special role of the Bankruptcy Trustee, which is especially evident after the legal consequences of the opening of the Bankruptcy procedure, where it protects the interests of the creditors and the bankruptcy debtor. Here, I will especially cover his special role as an authorized proposer in relation to filing a lawsuit for damages, ie damage suffered by creditors due to irresponsible behavior of the bankruptcy debtor, ie failure to file a proposal to open bankruptcy proceedings, which led to reduction of the bankruptcy estate from which the creditors are settled. The subject of research is the timely initiation and completion of the bankruptcy procedure in our law, as a procedure conducted by the Bankruptcy Trustee who is a professional in it. Meanwhile, the purpose of the research is to identify the disadvantages and advantages regarding the legal order of the bankruptcy procedure in terms of the responsibility of the management bodies for not submitting the proposal for opening the bankruptcy procedure.

***Keywords**:* Bankruptcy procedure, Bankruptcy Trustee, Bankruptcy debtor, Bankruptcy estate, efficient Bankruptcy procedure

# УКАЖУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ЗА НАВРЕМЕНО ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ОТВОРАЊЕ НА СТЕЧАЈНАТА ПОСТАПКА

**Верица Данилова**
Студент на мастер студии-Универзитет „Гоце Делчев"- Штип
E-mail: verica.071197@student.ugd.edu.mk

**Апстракт**

Во овој труд посебно внимание ќе биде посветено на значењето и потребата за навременото започнување на стечајната постапка, односно потребата од ефикасен стечаен систем кој претставува неопходен дел од пазарната економија на секоја

земја, бидејќи обезбедува сигурност на доверителите, закрепнување на компаниите со финансиски потешкотии. Во трудот ќе бидат изложени причините кои влијаат на одолговлекувањето и неефикасноста на стечајната постапка. Од друга страна во трудот ќе бидат образложени предностите од навременото и ефикасното спроведување на стечајната постапка, чија основна цел е задоволување на интересите на сите оние кои учествуваат во истата. Оттаму, ќе ја опфатам посебната улога на стечајниот управник, која посебно доаѓа до израз откако ќе настапат правните последици од отворањето на стечајната постапка, каде ги штити интересите на доверителите и стечајниот должник. Овде, особено ќе ја опфатам неговата посебна улога како овластен предлагач во однос на поднесувањето на тужба за надомест на штета, односно штета кои ја претрпеле доверителите поради неодговорното однесување на стечајниот должник, односно неподнесување на предлогот за отворање на стечајната постапка, со што дошло до намалување на стечајната маса од која се намируваат доверителите. Предмет на истражување претставува навременото започнување и завршување на стечајната постапка во нашето право, како постапка водена од стечајниот управник, кој претставува професионалец во истата. Додека пак, целта од направеното истражување е да се воочат недостатоците и предностите во врска со правната уреденост на стечајната постапка во делот на одговорноста на органите на управуваење за неподнесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка.

***Клучни зборови:*** стечајна постапка, стечаен управник, стечаен должник, стечајна маса, ефикасна стечајна постапка

## Вовед

Неопходно е денес секоја земја да има ефикасен стечаен систем, затоа што обезбедува низа на предности при спроведувањето на стечајните постапки. Ефикасниот стечаен систем ги нуди следните поволности: обезбедување на сигурност на доверителите, пониски камати, закрепнување на компаниите со финансиски потешкотии и побрзо враќање на блокираните средства во употреба без притоа губење на нивната вредност. Во ваква квалитетна и ефикасна постапка за стечај нема губитници, туку напротив, овде секој победува - и доверителите и должниците, односно општеството генерално. (Vuković & Bodul, 2012 p. 633) Тоа е така, затоа што доверителите ќе бидат сигурни дека во случај на стечај нивните средства ќе бидат исплатени, а од друга страна стечајните должници ќе бидат сигурни дека ефикасно ќе ги решат своите финансиски проблеми без дополнителни загуби. Затоа, од големо значење е подигањето на свеста на должниците, но и на останатите субјекти кои имаат финансиски потешкотии, да се справат со тоа и повторно да продолжат да функционираат. Стечајната постапка не има за цел само ликвидација на деловниот субјект, туку нешто повеќе од тоа. Па така, во контекст на ова стечајната постапка му нуди на должникот две опции во зависност од условите во кој се наоѓа тој, па така тој може да бира помеѓу постапка на впаричување на имотот што резултира со

затворање на деловниот потфат и негов престанок како правно лице, додека реорганизацијата овозможува негова рехабилитација, без затворање на неговиот деловен потфат и без губење на работните места. (Костовски, 2007 стр.30) Делот за реорганизација на стечајниот должник е уреден во Членот 215 од Законот за стечај. Пред да се спроведе реорганизацијата најпрвин потребно е да бидат исполнети некои услови кои се предвидени во Законот за стечај, како и начинот на спроведување на планот за реорганизација. Реорганизацијата се спроведува над стечајниот должник кој е неспособен за плаќање. Па така, се смета дека стечајниот должник е неспособен за пкаќање ако не може да одговори на своите обврски во вок од 45 дена од неговата достасаност (ЗС 5/1/2). (Манолева - Митровска, 2010 стр.853) Додека, впаричувањето на имотот, исто така се спроведува врз стечајниот должник кој е неспособен за плаќање. Кон истото ќе се пристапи доколку собранието на доверители не ја прифатило иницијативата за подготовка на план за реорганизација, односно предлогот на планот за реорганизација од страна на стечајниот управник, од доверителите согласно став (2) и (3) од Член 97, во тој случај стечајниот судија ќе донесе решение за затворање на деловниот потфат на должникот и ќе го задолжи одборот на доверителите во рок од осум дена да донесе одлука за начинот на впаричување на имотот што влегува во стечајната маса (ЗС 97/4).[1] Исто така предвидено е дека доколку во определениот рок не биде поднесен план за реорганизација, стечајниот судија ќе донесе решение веднаш да се продолжи со впаричување на имотот (ЗС 215/4). Додека, начинот и постапката за претворање во пари на имотот од стечајната маса е предвидено во (ЗС 98)[2]. Откако ќе заврши стадиумот на стечајната постапка, каде што доверителите се насочени кон донесување на одлука за начинот на кој ќе се врши колективното намирување, започнува нов стадиум, а тоа е впаричување на имотот на должникот. Односно впаричување на стечајната маса од која ќе се намируваат доверителите. Но, за да започне овој стадиум собранието на доверители потребно е да донесе одлука за начинот и условите за впаричување на имотот или пак за тоа ќе го овласти одборот на доверителите. (Костовски, 2014 стр. 445).

Затоа во овој труд особено укажувам и потенцирам на потребата за навремено отворање на стечајната постапка. Како и механизмите кои ги нуди нашата стечајна регулатива во однос на ова прашање. Првиот чекор кој треба да се превземе е токму тогаш кога ќе бидат согледани потешкотии во финансиското работење, со други зборови потребно е да се реагира навреме и без непотребно одолговлекување, затоа што тоа е во корист на стечајниот должник, бидејќи се спречува настанување на посериозна финансиска криза во неговото работење.

Па така, во однос на ова, за да може да се прифати поднесениот предлог за отворање на стечајната постапка, потребно е претходно да бидат исполнети

[1] Со членот 61 став 3 од ЗИД на ЗС се менува ставот 4 од оваа одредба.
[2] Овој член е изменет со член 62 од ЗИД на ЗС од мај 2013 година.

условите кои се предвидени во законот (ЗС чл. 5). Услов за спроведување на постапката е стечајниот должник да е неспособен за плаќање, односно да му претстои идна неспособност за плаќање (ЗС чл. 5/1). Поконкретно стечајниот должник е неспособен за плаќање во рок од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање (ЗС чл. 5/2). Стечајната постапка и постапката на реорганизација може да биде поведена само доколку е исполнет условот на постоење инсолвентност и претставува општ услов за да може да се отвори стечајната постапка. Па така, инсолвентноста заедно со постоењето на имот над кој може да се отвори стечајната постапка се материјално правни претпоставки. Додека, процесно правни претпоставки се: поднесен предлог за отворање на стечајната постапка, докази со кои се утврдуваат условите дека може да се отвори стечајната постапка и уплатен аванс за водење на претходната постапка. Тоа значи дека овие претпоставки и услови заемно треба да бидат исполнети за да може да се прифати предлогот и да се спроведе стечајната постапка. (Костовски, 2014 стр.24)

Нашиот Закон за стечај[3] претставува одраз на инсолвентното право, што значи дека им овозможува на претпријатијата кои имаат финансиски проблеми да можат да ги решат уште пред да се отвори стечајна постапка што е голема предност за стечајниот должник да закрепне без притоа да чека да биде отворена стечајна постапка. Можноста, претпријатијата кои имаат финансиски потешкотии да ги решат своите проблеми и да закрепнат уште пред да се отвори стечајната постапка, претставува одраз на инсолвентното право кое е содржано во нашиот Закон за стечај. Во нашата земја стечајната постапка е уредена со Законот за стечај од 2006 година, кој е усогласен со новите директиви на ЕУ и со препораките на Светската банка за правилата на стечајот, како и прирачникот за стечај според правилата на УНЦИТРАЛ. Во законот од 2006 година се направени бројни измени и дополнувања во периодот од 2014 година. (Максимовски, 2011 стр. 49)

Предвидено е дека со реорганизацијата може да се врши и порамнување на побарувањата пред отворањето на стечајната постапка под условите предвидени со Законот за стечај (ЗС Чл. 3/2). Поконкретно, тоа значи дека може да се спроведе постапка надвор од судот, која не е под негов надзор и овде порамнувањето на побарувањето се врши пред отворањето на стечајната постапка. Овде станува збор за за преговори кои се водат помеѓу должникот и доверителот и има за цел одговорно да ги уреди должничко-доверителските односи. Па така, станува збор за сложена постапка, каде преговорите се само дел од истата, притоа преземајќи ги мерките кои се поврзани со реструктурирањето на друштвото. Овде се прават организациони промени во управувачката структура и се

[3] Закон за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2006, 126/2006, 84/2007, 47/2011, 79/2013, 164/2013, 29/2014, 98/2015 и 192/2015).

преземаат мерки со цел друштвото финансиски да зајакне. Тоа најмногу зависи од тоа дали друштвото се наога во фаза на инсолвентност или не. Постапката на доброволно порамнување се покажала дека е многу поуспешна ако се преземе во рана фаза пред настанувањето на инсолвентноста, што претставува дел од реструктурирањето на друштвото.[4]

Причините за задоцнетото започнување на стечајните постапки, нивното времетраење, можат да бидат предизвикани од различни детерминанти кои може да влијаат директно или индиректно врз одолговлекувањето и неефикасноста на стечајните постапки. Затоа во контекст на ова ќе направам анализа во однос на тоа кои се предностите од навременото отворање и започнување на стечајната постапка и нејзиното ефикасно спроведување, а од друга страна кои се негативните последици од ненавременото отворање и започнување, односно нејзиното одолговлекување. Поради настапувањето на негативните последици од неподнесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка, затоа ќе ја опфатам и посебната улога која ја има стечајниот управник во однос на ова прашање, односно единствено лице кое има овластување за поднесување на тужба за надомест на штета. Се надевам дека овој труд преку својата содржина ќе даде особен придонес за потребата од навременото поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка која има значителна важност во однос на ефикасното, законито и навремено спроведување на истата.

Во однос на времетраењето и ефикаскоста на стечајната постапка во СР Македонија, ќе ги земам во предвид резултатите добиени од Светска банка кои се објавени во Doing Business, и каде што предмет на истражување се различни варијабли, вклучиваіќи го времетраењето на постапката, успешното решавање на несолвентноста и очекуваната стапка на надомест на доверителите. Резултатите покажуваат дека времетраењето на стечајната постапка во СР Македонија може да изнесува 1,5 година, додека успешното решавање на инсолвентноста (0-100) 72.7, а очекуваната стапка на надомест на доверителите е 48.0 % (центи на доларот). Исто така, Македонија се наоѓа на 30-то место, во однос на брзината и едноставноста при решавањето на инсолвентноста во процесот на спроведувањето на стечајните постапки.[5]

## 1. Одговорност за неподнесување на предлог за отворање на стечајна постапка од страна на членовите на органите на управување на друштвото

Органите на управување на друштвото кои неодговорно постапувале, односно не го поднеле навреме предлогот за отворање на стечајната постапка,

[4] Костовски, Д. Закон за стечај: коментар, објснување, судска практика и предметен регистар, Скопје 2014, стр.13-14.

[5] https://www.doingbusiness.org/en/data/exploreeconomies/north-macedonia#DB_ri, пристапено на 16.06. 2021. повеќе види на https://www.doingbusiness.org › country › MKD

за нив предвидена е посебна одговорност. Во Законот за стечај, чл. 51, ст. 9, предвидено е дека органите на должникот овластени за негово застапување должни се да поднесат предлог за отворање на стечајна постапка најдоцна во рок од 21 ден од денот на настапувањето на причините за отворање на стечајната постапка. Исто така, Законот за стечај во член 51 ст. 8, определил обврска за лицата и за органите овластени за управување, за застапување и за надзор на трговските друштва и други правни лица да бидат лично, солидарно и неограничено одговорни за штетите што им ги предизвикале на доверителите на трговското друштво или на друго правно лице - должник ако не поднеле предлог за отворање на стечајната постапка иако знаеле или морале да знаат за презадолженоста на трговското друштво или на друго правно лице. Па, така, имотната одговорност за штети на лицата и на органите не ја исклучува и не влијае врз можната кривична одговорност на тие лица. За да настапи оваа одговорност, потребно е да бидат исполнети неколку услови. Потребно е да настапат правните последици од отворената стечајна постапка. Што значи дека органите на управување и надзор нема да бидат одговорни за штетата која настанала, доколку стечајната постапка не е отворена и истата не се спроведува, без оглед на тоа што биле исполнети условите за отворање на стечајната постапка. Тоа значи дека органите на управување на друштвото одговараат за штетата, само доколку е отворена стечајната постапка.[6]

Имено, во овој случај, органот на управување и надзор знаел или морал да знае дека на друштвото подолго време му се „заканува" инсолвентност пред отворањето на стечајната постапка, како и да биде свесен дека лицето кое го направил пропустот бил член на органот на управување во тој момент.[7] Но, од друга страна, доколку се утврди дека тие ги преземале сите дејствија за да ја извршат својата должност за поднесување на предлогот за отворање на стечајна постапка, а судот не ја отворил стечајната постапка поради определени причини, во тој случај нивната одговорност за надомест на штета е исклучена. Може да се заклучи дека со помош на оваа одговорност се штитат само интересите на доверителите, а не на акционерите на друштвото. Особено значајно е тоа што овде овој случај, единствено овластено лице за поднесување на тужбата е само стечајниот управник кој е застапник по закон на стечајната маса во која влегува ова побарување. Износот кој треба да го платат членовите на органот на управување на друштвото влегува во стечајната маса од која рамномерно се намируваат доверителите. За да може стечајниот управник да поднесе тужба за надомест на штета против членовите на органот на управување, треба да добие

[6] Прирачник за стечајна постапка, достапен на https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2018/05/Priracnik-za-stecajna-postapka-L-2_11_2017.pdf, стр. 20, пристапено на 15.5.2021.

[7] Потребно е да бидат исполнети објективни и субјективни критериуми за утврдувањето на одговорноста на членовите на органот на управување и надзор за штета заради неподнесување на предлогот за оворање на стечајната постапка во предвидениот рок од 21 ден од денот на настанување на причината за отворање на инсолвентната постапка.

дозвола од собранието на доверители.[8]

Врз тужбата за надомест на штета немаат никакво влијание правните последици од отворањето на стечајната постапка. Тоа е така затоа што туженото лице е член на орган на управување, а предмет на тужбата е надомест на штета за која тој одговара солидарно. Од друга страна, како спорно прашање се јавува можноста доверителот да може двапати да го наплати своето побарување и како стечаен доверител и во постапката за надомест на штета. Затоа, стечајниот управник треба да утврди какви тужби се поднесени против органите на управување, без оглед на тоа дали истата е поднесена од страна на доверител или акционер. Може да се заклучи дека во секој случај стечајниот управник е задолжен да ги анализира поднесените тужби против стечајниот должник, односно да утврди дали и по кој основ се поднесени тужби против органите на управување.[9]

### 1.2 Предности кои произлегуваат од навремено поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка

Навременото поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка директно влијае на ефикасноста на стечајната постапка. Ефикасноста е најважното начело и истото се препишува на институционалната рамка која овозможува ефикасно решавање на инсолвентноста во една држава. (Vuković, 2016, p.158)

Пред да започнам да ги анализирам предностите кои ги овозможува навременото отворање и започнување на стечаната постапка, најпрво ќе ја потенцирам важноста за почитувањето на предвидениот законски рок за поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка. Па така, според членот 51, став 8 од Законот за стечај предвидува дека, лицата и органите кои се овластени за управување се лично, солидарно и неограничено одговорни за штетите што им ги предизвикале на доверителите на трговското друштво, ако не поднесат предлог за отворање на стечајната постапка најдоцна во рок од 21 ден од денот на настапувањето на причините за нејзино отворање. (Бошевска, 2020, стр.60) Причинте за отворање на стечајната постапка се појавуваат тогаш кога ќе се утврди дека должникот е неспособен за плаќање во рок од 45 дена од која било негова сметка (ЗС 5/2). Па така, откако ќе настапат причините за отворање на стечајната постапка, односно откако ќе настапи инсолвентноста, членовите на органот на управување и надзор се должни веднаш без одлагање да го поднесат предлогот за отворање на стечајната постапка во рок од 21 ден од денот кога настапиле причините за нејзино отворање (ЗС 51/9).

[8] Прирачник за стечајна постапка, достапен на https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2018/05/Priracnik-za-stecajna-postapka-L-2_11_2017.pdf, стр. 20, пристапено на 15.5.2021.
[9] Прирачник за стечајна постапка, достапен на https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2018/05/Priracnik-za-stecajna-postapka-L-2_11_2017.pdf, стр. 23, пристапено на 15.5.2021.

Предноста секако е загарантирана, доколку предлогот за поднесување на стечајната постапка биде поднесен навреме, односно има позитивно влијание врз **заштитата на правата и интересите на доверителите и акционерите**. Бидејќи со секое занемарување на предлогот за отворање на стечајната постапка се губи многу време, стечајникот должник претрпува поголеми загуби при што опаѓа вредноста на имотот и средствата на должникот од кои понатаму се намируваат доверителите. Затоа потребно е да се реагира навреме, бидејќи овозможува доверителите да ги остварат своите интереси, односно во најкраток временски период да ги намират своите побарувања.[10]

Од друга страна, навременото поднесување на предлогот, му овозможува на стечајниот должник **да ја санира на по ефикасен начин финансиската криза во која западнало друштвото, односно да се спречи затворање на неговиот деловен потфат,** како и понатаму **да продолжи со своето работење, да овозможи ефикасно намирување на своите доверители, како и зачувување на работните места.** Бидејќи, основната цел на стечајната постапка е задоволување на интересите на сите оние кои учествуваат во стечајната постапка, но за да може тоа да се оствари потребно е предлогот за нејзино отворање да биде поднесен навремено, при што подоцна сите учесници може да очекуваат таа да се изврши ефикасно и навреме без одолговлекување.[11]

Ненавременото поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка од страна на органите на управување на стечајниот должник, претставува причина и економски индикатор за намирување на стечајните доверители, преоптеретеност на судовите со стечајни предмети, губење на работните места е само директна последица на таквото однесување. Со други зборови, доколку органите на управување на стечајниот должник навреме го поднеле предлогот за отворање на стечајната постапка, **намирувањето на стечајните доверители би било поголемо, времетраењето на стечајната постапка пократко, трошоците за водење на постапката помали, како и помалку губење на работните места.** (Vuković, 2016, p.158)

Доколку стечајната постапка е покрената навремено од раководството на компанијата, односно од органите на управување, можеме да заключиме тека тоа би значело намирување **на доверителите, пократко траење на стечајните постапки и пониски трошоци за нејзино спроведување како и помал број на спорови коишто произлегуваат од и во врска со стечајот**.[12]

[10] Костовски Д, https://akademik.mk/novite-zakonski-izmeni-ke-pridonesat-za-brza-i-efikasna-stechajna-postapka-dejan-kostovski-ekspert-za-stechaj/ , пристапено на 03.3.2021.
[11] Костовски Д, https://akademik.mk/novite-zakonski-izmeni-ke-pridonesat-za-brza-i-efikasna-stechajna-postapka-dejan-kostovski-ekspert-za-stechaj/ , пристапено на 03.3.2021.
[12] https://www.pravosudje.ba/vstv/faces/docservlet?p_id_doc=61465, стр. 33 пристапено на 13.05.2021.

### 1.3 Недостатоци кои произлегуваат од ненавременото поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка

Доколку предлогот за отворање на стечајната постапка биде поднесен неблаговремено, тогаш несомнено е дека ќе се појават безброј недостатоци при понатамошното спроведување на стечајната постапка. Иако се појавуваат безброј недостатоци поради ваквото неодговорно однесување на органот на управување, некои од нив се следниве недостатоци: **се повредуваат правата и интересите на доверителите, потешко и посложено разрешување на финансиската криза во која се нашол должникот, губење на вредноста на имотот и средствата на должникот, неможност за спороведување на план за реорганизација, затворање на деловниот потфат на должникот, губење на работните места и отпуштање на работници итн**. Неблаговременото поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка предизвикува низа на проблеми и поголеми трошоци, но и загуби за стечајниот должник. Може да се заклучи дека со таквото неодговорно однесување стечајниот должник самиот си нанесува штета. (Vukovič, 2016, p.158)

Како негативна последица од неблаговременото поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка се појавува и проблемот таа да не може да се спроведе ефикасно и навреме. Па така, таа нема да биде спроведена на ефикасен начин бидејќи со таквото одолговлекување опаѓа вредноста на имотот и средствата на должникот, а тоа значи дека доверителите нема да може да ги добијат своите побарувања во повисок процент. Сметам дека, ваквото неодговорно однесување од страна на органите на управување на друштвото, исто така предизвикуваат негативни непосакувани последици кои оставаат лош впечаток, односно дека органите на стечајната постапка неефикасно ја спроведуваат истата. Тоа, придонесува стечајната постапка да не започне навреме во вистински момент, односно придонесува стечајната постапка да не се спроведе на ефикасен начин, односно на начин со кој се задоволуваат интересите на доверителите од една страна и должникот од друга страна. Поконкретно, сметам дека ненавременото отворање на стечајната постапка дополнително ќе ја усложи ситацијата. Тоа може да придонесе стечајната постапка да се одолговлекува поради презадолженост, а со тоа и неможност да се намират доверителите во повисок процент, а од друга страна неможност стечајниот должник да продолжи да функционира, односно ќе резултира со затворање на неговиот деловен потфат. Што значи дека нема да може да се исполнат целите на стечајната постапка кои се предвидени во Законот за стечај, член 3.

Сметам дека, поради негативниот впечаток, другите должници кои имаат финансиски проблеми може да создадат погрешна претстава дека стечајната постапка не се спроведува ефикасно. Но, од друга страна, можам да посочам дека ваквите негативни последици произлегуваат токму од неодговорното

однесување на органите на управување на должникот. Органите на управување покрај имотната одговорност исто така може да сносат и казнена одговорност, поради неблаговременото поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка (ЗС 51/8).[13] Казнената одговорност на органот на управување е предвидена во Кривичниот законик[14], во Член 28-а каде што се предвидени условите за кривичната одговорноста на правното лице. Додека, во Член 255 од КЗ е педвидено предизвикување на стечај со несовесно работење.

Несомнена е потребата од тоа, органите на управување на стечајниот должник поодговорно да се однесуваат и со тоа да се спречи создавање на негативните последици од непочитувањето на рокот за поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка. Лицата и органите за управување на стечајниот должник е потребно да постапуваат одговорно и да ги искористат и применат сите механизми кои им ги нуди стечајната регулатива.

## 2. Улогата на стечајниот управник како професионалец во стечајната постапка

Стечајниот управник е еден од органите на стечајната постапка, кој има специфична и уникатна улога во спроведувањето на стечајната постапка. Откако ќе настапат правните последици од отворањето на стечајната постапка особено доаѓа до израз неговата улога и тој стапува на сцена управувајќи со стечајната постапка. Тој се одликува со својство на професионалец и неговата единствена и примарна цел е да се спроведе стечајната постапка во што е можно пократок рок и намирување на доверителите во што е можно поголем износ. Бидејќи станува збор за професионалец, тој исто така има и менаџерски способности кои особено ги истакнува во делот на планирањето, организацијата и сите други должности кои ги има според закон. Тој исто така, однапред ги планира сите активности и ги користи сите ресурси кои му стојат на располагање со единствена цел да овозможи спроведување на побрза и поефикасна стечајна постапка.

Тој го застапува стечајниот должник само за оние работи кои се однесуваат на стечајната постапка и стечајната маса (ЗС, чл.33/1). Врз стечајниот управник се пренесени правата и обврските кои дотогаш ги имале органите на управување, и кој како администратор на постапката има главна цел да се намират побарувањата на доверителите. Основна цел на стечајниот управник е да ги задоволи интересите на сите учесници во стечајната постапка (ЗС,

[13] Прирачник за стечајна постапка, достапен на https://economy.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Projekti/Priracnik%20za%20stecajna%20postapka%20L%202_11_2017.pdf, стр. 16, пристапено на 15.5.2021.

[14] Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013).

чл. 34/1/11). Затоа, сметам дека сите учесници го насочуваат вниманието кон стечајниот управник и очекуваат стечајната постапка да се заврши ефикасно и без непотребно одолговлекување. Бидејќи, станува збор за професионалец кој поседува менаџерски способности, тој е способен да направи баланс при заштитата на правата и интересите на доверителите, подеднакво грижејќи се и за стечајниот должник.

Може да се нагласи, дека стечајниот управник ги нема овластувањата на органот на управување и не може да се третира како орган на управување на друштвото. Тоа е така затоа што стечајниот управник го застапува и претставува должникот замо во делот на стечајната маса (ЗС член 33/1). Доколку се утврди дека должникот се наоѓа во услови во кои може да продолжи да работи, тогаш неговото работење го води стечајниот управник како администратор на постапката (ЗС, член33/2). Ова управување на стечајниот должник од страна на стечајниот управник се однесува само во делот на стечајната маса, кој има овластување на законски застапник (ЗС, член 33/3).

## 3. Улогата на стечајниот управник при поднесување на тужба за надомест на штета

Откако ќе настапат правните последици од отворањето на стечајната постапка, во тој момент особено доаѓа до израз улогата на стечајниот управник како професионалец кој ги заштитува правата и интересите на доверителите. Стечајниот управник е должен да ги превземе сите дејствија со цел да докаже дека должникот, односно неговите органи или вработени пред отворањето на стечајната постапка направиле пропусти, односно пропуштиле да преземат дејствија кои се од особено значење, со што го намалиле имотот на должникот којшто би требало да се вброи во стечајната маса од која подоцна ќе се намируваат доверителите. (Костовски, 2014, стр. 553)

Стечајниот упрвник го презема во свои раце спроведувањето на тужбата за надомест на штета. На пример, овде станува збор за надомест на штета што заеднички ја претрпеле стечајните доверители пред или по отворањето на стечајната постапка (заедничка штета) затоа што дошло до намалување на имотот што влегува во стечајната маса, односно штета која настанала по вина на должникот поради негово неодговорно постапување, а која заеднички ја претрпеле доверителите, може да бара само стечајниот управник.[15] Па така, во член 151 од Законот за стечај предвидува: *„Ако стечајната постапка е отворена над имотот на правно лице во кое постојат неограничено одговорни содружници, односно членови личната неограничена одговорност на тие содружници, односно членови за обврските на тоа правно лице во текот на стечајната постапка, може да ја побара само стечајниот управник.“*

[15] Член 150 од Законот за стечај.

Поконкретно, тоа значи дека единствено стечајниот управник е овластен да поднесе тужба за надомест на штета, односно штета која ја претрпеле доверителите, а им ја нанел стечајниот должник. Стечајниот управник не може да го пренесе своето овластување за поднесување на тужба за надомест на штета на доверителите, односно доверителите го немаат тоа право. Доколку тужбата за надомест на штета биде поднесена од страна на некој доверител, тогаш таа ќе биде одбиена, бидејќи е поднесена од неовластен предлагач. Тој овластен предлагач е стечајниот управник кој има посебна улога и тоа е така затоа што то го застапува и претставува стечајниот должник само во делот на стечајната маса.[16]

Како интересен пример кој би можел да се посочи во однос на одговорноста на органите на друштвото е можноста да се поднесе тужба за надомест на штета поради направениот пропуст, предлогот за отворање на стечајната постапка да не е поднесен навреме. Па така, доколку се утврди дека членовите на управување и надзор се виновни за причинетата штета на доверителите, односно се утврдило дека направиле груба повреда на должноста да постапува со внимание на уреден и совесен трговец. Оваа обврска е предвидена во делот на одговорност за надомест на штета во Законот за трговски друштва[17] во член 362, став 4. Тогаш судот ќе ги задолжи да го платат утврдениот износ за надомест на штета, и тој износ кој тие треба да го платат влегува во стечајната маса од која рамномерно се намируваат стечајните доверители. Во Законот за стечај е определено во кој рок стечајниот управник може да ја поднесе тужбата за надомест на штета. Тужбата за надомест на штета тој може да ја поднесе најдоцна до заклучувањето на стечајната постапка, бидејќи по истекот на овој рок, односно откако стечајната постапка ќе биде заклучена, тогаш тужбата за надомест на штета ќе се одбие од страна на судот. Покрај тоа што имотот којшто влегува во стечајната маса може да биде намален со преземање на незаконити дејствија од страна на стечајниот должник, исто така такви дејствија може да бидат преземани и од страна на стечајниот управник, во тој случај единствена можност да покрене ваква постапка против стечајниот управник ја има само новоименуваниот стечаен управник. (Костовски, 2014, стр. 553)

## 4. Најчести причини за задоцнето започнување на сечајните постапки

Во практиката се појавуваат најразлични и многубројни причини кога станува збор за задоцнето започнување на стечајните постапки. Па така, поради

[16] Прирачник за стечајна постапка, достапен на https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2018/05/Priracnik-za-stecajna-postapka-L-2_11_2017.pdf, стр. 21, пристапено на 15.5.2021.
[17] Закон за трговските друштва (Сл. весник на РМ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16,64/18, 120/18, 290/20).

обемноста на проблематиката ќе наведам дел од причините кои доведуваат до тоа стечајните постапки да започнуваат многу покасно од предвидениот законски рок. Па така, во контест на ова ќе ја посочам и констатацијата Костовски Д., Според кој “една од најчестите причини е неспремноста на органите на управување на друштвата да ги користат сите механизми кои им ги нуди на располагање стечајната регулатива. Органите на управување на друштвото треба да го избреат вистинскиот момент и без одолговлекување да го поднесат предлогот за отворање на стечајната постапка. Па, така стечајниот должник треба без одложување да ги употреби механизмите кои му ги овозможува стечајната регулатива, односно навреме да го поднесе предлогот за отворање на стечајната постапка.“[18]

**Честа причина** за задоцнето започнување на стечајните постапки се ситуациите кога претпријатието на должникот не е способно за плаќање, односно, не е во можност да ги извршува своите обврски. Ова особено се однесува на ситуациите кога, **иако претпријатието се наоѓа во ваква сериозна финансиска ситуација, интерес за поведување на стечајна постапка не покажуваат ниту должникот, ниту доверителите**. Па така, со ваквиот однос на незаинтересираност се појавува намалена можност за намирување на доверителите со повисок процент. Правниот интерес, на довреител да иницира започнување на стечајна постапка е многу дискутабилно прашање, бидејќи доверителот треба да уплати свои средства за започнување на постапката и се поставува прашањето дали неговото побарување ќе биде признаено во претходната постапка. Според тоа, се претпоставува дека доверителот кој поднел предлог за отворање на стечајната постапка, не може да очекува дека ќе има поповолна позиција во стечајната постапка во споредба со останатите доверители. Па така, правните последици од неподнесувањето на предлогот за отворање на стечајната постапка од страна на доверител е тоа што тој нема да може да го намири своето побарување во стечајната постапка, доклку истата не се спроведе. Во стечајната постапка важи правилото дека стечајните доверители може да го наплатат побарувањето само доклку го пријавиле во стечајната постапка. **Друга причина** која би можела да се издвои, е кога раководството на компанијата прави многу погрешни чекори, **во случај кога иако постојат финансиски проблеми ја одложуваат оваа неизбежна шанса за решавање на финансиските проблеми, па така, поради тоа тие создаваат нови долгови за да ги подмират претходните обврски,** сето тоа доведува до пропаст и се поголем број на тужби за плаќање на обврските. **Трета причина** за задоцнето започнување на стечајната постапка **е големата временска разлика од кога ќе настапат причините и условите за отворање на стечај**, односно доцното доставување на предлогот, при што несомнено е дека ќе има многу причини за

[18] Костовски Д, https://akademik.mk/novite-zakonski-izmeni-ke-pridonesat-za-brza-i-efikasna-stechajna-postapka-dejan-kostovski-ekspert-za-stechaj/ , пристапено на 03.3.2021.

неефикасно спроведување на стечајната постапка.[19]

## Заклучок

Може да се согледа и заклучи дека доколку се почитуваат законски предвидените рокови и доколку органите на управување на друштвото го поднесат навреме предлогот за отворање на стечајната постапка, тогаш се вбројуваат низа позитивни ефекти при спроведувањето на стечајната постапка. Тоа може да се заклучи од наведените нагативни и позитивни аспекти во овој труд погоре, со помош на кој лесно може да се согледаат позитивните, но и негативните последици од неодговорното однесување на органите на управување на друштвото.

Стечајните должници кои имаат финансиски потешкотии потребно е без одолговлекување и двоумење да го поднесат навреме предлогот за отворање на стечајната постапка. Тоа претставува нивна законска обврска и доколку постапуваат спротивно на тоа, тогаш тие се лично, солидарно и неограничено одговорни, ако не поднеле предлог за отворање на стечајната постапка иако знаеле или морале да знаат за презадолженоста на друштвото. Па така, од ова може да се заклучи дека станува збор за многу важно прашање кое органите на управување на друштвото не треба воопшто да го занемаруваат. Тие е потребно да внимаваат на својата ликвидност, односно презадолженост и да се дисциплинираат за навремено поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка.

Се надевам дека со помош на овој труд ќе се подигне свеста на едно повисоко ниво, односно ќе се долови суштината и значењето за навременото отворање на стечајната постапка која има голема важност за опстанок на стечајните должници. Затоа целта на овој труд е со својата содржина да укаже на важноста за потребата од навременото поднесување на предлогот за отворање на стечајната постапка кој има значителна важност во однос на ефикасното, законито и навремено спроведување на стечајната постапка.

## Користена литература

1. 1.Ante Vuković, Dejan Bodul: Stečajno zakonodavstvo u tranziciji - komparativni osvrt, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, god. 49, 3/2012.
2. 2.Ante Vuković, KAKO PRAVOVREMENO POKRETANJE STEĆAJNOGA POSTUPKA MOŽE DOPRINIJETI POBOLJŠANJU NJEGOVE EFIKASNOSTI, Zbornik Ekonomskog fakulteta u Zagrebu, godina 14, br. 2., 2016.

[19] Vodič za efikasnije rešavanje stečajnih predmeta https://www.pravosudje.ba/vstv/faces/docservlet?p_id_doc=61465, стр. 33, пристапено на 13.05.2021.

3. 3.Максимовски, Р.: Заштита на правата на доверителите во стечајната постапка, Правен дијалог Број 2, Институт за човекови права, Јануари, 2011.
4. Катерина Бошевска, Регулатива 2015/848 на Европскиот парламент и на Советот на Европската Унија, *Економија и бизнис*, година 22, број 265, септември 2020.
5. Костовски, Д. Закон за стечај: коментар, објснување, судска практика и предметен регистар, Скопје 2014.